This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## АПРИЛ, 2024



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК–30/20

На ден 03.04.2024 година, на рочиштето беше испитан 1 сведок, предложен од одбраната на обвинетите.

### „ФЕНИКС” КОК–12/24

На ден 05.04.2024 година, рочиштето беше одложено.

На ден 30.04.2024 година, рочиштето беа дадени воведни говори од страна на странките.

### „ТАРГЕТ/ТВРДИНА” КОК-11/23

На ден 12.04.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази на јавното обвинителство.

### „ ТАРИФА“ КОК-24/21

На ден 16.04.2024 година, рочиштето се одложи, по барање на бранителот на обвинетиот поради неодложни обврски.

На ден 19.04.2024 година, рочиштето се одложи, поради непотполн судечки совет;

На ден 29.04.2024 година, рочиште беше одложено поради отсуство на судија од здравствени причини.

### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК-124/21

На ден 17.04.2024 година, рочиштето се одложи поради непотполн судечки совет.

### „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЕУ ФОНДОВИ“ КОК-179/22

На ден 19.04.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци на одбраната, а исто така беше испитана обвинетата. Во дополнение на доказна постапка, беа изведени и материјални докази на јавното обвинителство.

### „27МИ АПРИЛ – ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-63/23

На ден 30.04.2024 година, рочиштето се одложи поради непотполн судечки совет.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „ЖАН МИТРЕВ“ К-349/23

На ден 01.04.2024 година, на рочиштето беше испитан 1 сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

На ден 08.04.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци, предложени од странките.

На ден 17.04.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци, кои беа предложени од страна на јавното обвинителство.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1990/23

На ден 03.04.2024 година, на рочиштето судот на предлог на јавниот обвинител донесе решение да и се суди на обвинетата во отсуство.

### „ЛАТАС-ЛАЗАРОВ“ К-457/23

На ден 08.04.2024 година, рочиштето се одложи поради недостаток на технички услови за одржување на рочиштето.

### „ПЕНДИКОВ“ К-54/23

На ден 16.04.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци.

### „ТАЛИР КОК“-3/19

На ден 25.04.2024 година, рочиштето беше одложено по барање на јавниот обвинител поради службени обврски.

### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д. – ГРАДОНАЧАЛНИК НА КУМАНОВО“ К-115/24

На ден 30.04.2024 година, рочиштето беше одложено по барање на странките.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 01.04.2024 година, Судскиот совет ја одржа 483-тата седница, на која се одлучуваше за избор на претседатели на Основен суд Радовиш и Основен суд Струмица, воедно беа разгледувани извештаите на комисиите за рангирање на кандидати за избор на судии во Врховниот суд на РСМ и Апелационен суд Штип.

На 18.04.2024 година, Судскиот совет ја одржа 484-тата седница, на која меѓудругите точки од дневниот ред, Советот донесе Одлука за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година.

На 29.04.2024 година, Судски совет ја одржа 485-тата седница, на која расправаше и одлучуваше по претставки на граѓани за работата на судиите и претседателите на судовите.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 09.04.2024 година, Советот на јавни обвинители ја одржа 101-та седница. На оваа седница беа номинирани членови и нивни заменици за следните комисии:

- Дисциплинска комисија при Нотарската комора на РСМ;
- Комисија за ревизија на испити при Академија за судии и јавни обвинители;
- Членови на програмски совет во Академија за судии и јавни обвинители;
- Членови на работна група за измени и дополнувања на Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ.

На седницата назначен е и координатор за подрачјето на Вишо јавно обвинителство Гостивар, членот на Советот, Башким Бесими.